# ПОРТФОЛИО

## ВЕЛО УЧИЛИШТА

По повод 100 активни членки
во ВЕЛО МРЕЖАТА



Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Embassy of Switzerland in North Macedonia

# ПОРТФОЛИО
## ВЕЛО УЧИЛИШТА




Програма:

Вело Училишта

Издавач:

Здружение на Граѓани Еко Логик
Ул. Бранислав Нушиќ бр.13 - 1/17, 1000 Скопје

Фејсбук страна:

https://www.facebook.com/EcoLogic.mk
https://www.facebook.com/veloschools

Веб страна:

www.ecologic.mk
www.veloschools.mk

Тел:

+ 389 78 365 902
+ 389 2 5112 716

За издавачот:

Никола Нешкоски

Автор(и):

Никола Нешкоски
Весна Павлова
Андријана Зафировска

Дизајн:

Александар Тодов

Лектура

Марија Нешкоска

## Содржина


1. Предговор ............ 4
2. За нас / Еко Логик ............ 5
3. Кратко инфо за програмата ............ 5
    - Применлив пристап ............ 6
    - Цел ............ 6
    - Очекувани резултати ............ 6
    - Каде не има / Активни членки ............ 7
4. Како се започна? Од идеја до реализација ............ 8
    - Вело Маало - прва едукативна игра за темата велосипедизам ............ 8
    - Организација на Вело Родео настани ............ 8
5. Стартуваме со Вело Училишта! ............ 8
    - Активности во рамки на Вело мрежата (2018/2019) ............ 8
    - Организација на велосипедска трка за деца ............ 8
    - Организација на Вело Родео ............ 9
    - Организација на Вело Родео Турнеја ............ 11
    - Состаноци со вработените во вклучените училишта, општини и клучни засегнати страни ............ 12
    - Препораки од МОН и БРО ............ 12
    - Работилници во основните училишта ............ 13
    - Подготовка, дизајн и тестирање на картички Вело Меморија ............ 14
    - Дистрибуција на промотивни материјали ............ 14
    - Одбележување на Европска недела на мобилност ............ 15
        - 2018 година ............ 15
        - 2019 година ............ 17
    - Еко Логик преку Вело Училишта придонесува зво подобрување на велосипедската инфраструктура ............ 19
    - Реализирани креативни активности ............ 20
    - Спроведени евалуации ............ 22
6. Кампања за зголемување на свеста (offline и online) ............ 25
7. Што може да очекувате од Вело Училишта во следниот период? ............ 26
8. Инфорафикони ............ 27

## Предговор:

Почитувани деца, родители и наставници,

Се започна на крајот на 2018, кога заедно со 10ина основни училишта започнавме да работиме на интегрирање на темата велосипедизам.  Гледајќи го интересот на учениците, наставниците, но и родителите посакувавме уште поголема опфатеност, посакувавме се повеќе деца да имаат шанса да бидат вклучени во нашите активности, дизајнирани за во училница (теорија) и надвор од неа (пракса). Задоволство ми е да споделам дека во овој момент Вело Училишта брои повеќе од 100 активни членки – основни училишта од сите региони низ Македонија.

Но, ние не застануваме тука. Напротив, продолжуваме уште повеќе, уште подобро, се со крајна цел – повеќе деца на велосипед, деца кои ги имаат потребните вештини за управување на велосипед, но и деца кои ги знаат и почитуваат сообраќајните правила.

Во страниците кои следат ќе имате шанса да се запознаете со нашата досегашна работа, за која е одговорен посветен тим на професионалци и ентузијасти, вљубеници во велосипедизмот.

Ви посакувам безбедно возење!

Искрено ваш,
Никола Нешкоски
Директор, Еко Логик / Вело Училишта



## За нас / Еко Логик:

Здружението на Граѓани Еко Логик е непрофитна организација која е посветена на заштита и зачувување на животната средина, промоција на современи еколошки практики, како и следење и промовирање на принципот на одржлив развој. Организацијата ги охрабрува и поддржува позитивните промени во животната средина во форма на:

- Промоција на екологијата како наука
- Промоција на концептот за почисто производство
- Надградба на еколошкото образование
- Промоција на принципот за одржлив развој
- Создавање на нови „зелени“ работни места
- Можност за обука и вклучување на сите заинтересирани граѓани во проекти од областа на екологијата
- Развој и тестирање на иновативни методологии и игри за предавање и учење на теми поврзани со: велосипедизам, одржлив развој, европски вредности, еколошка свест и мн. други.
- Имплементирање на различни кампањи поврзани со велосипедизам, заштита на животната средина, одржлив развој итн.

Еко Логик има силна позадина и искуство во работата со деца, млади и возрасни, нагласувајќи ги неформалните активности во образованието на различни теми. Организацијата остварува интензивна и силна комуникација, соработка и континуирани активности со повеќе од 116 основни, и 30 средни училишта низ целата земја, како и со повеќе од 10 основни училишта низ цела Европа.

## Кратко инфо за програмата

Програмата ,,Вело Училишта“ креирана од страна на Здружение на Граѓани ,,Еко Логик“, поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка, започна со имплементација во Септември 2018 година. Преку реализација на предвидените активности, целта е да се унапреди знаењето за темите: велосипедизам, одржлив транспорт и безбедност во сообраќајот

кај децата, родителите, наставниците и пошироката јавност. После само неколку месеци од реализацијата на своите активности „Вело Училишта“ е препознаена од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието со своите позитивни препораки за имплементирање на самиот проект во наредните 5 години, со можност за продолжување.

## Применлив пристап

Програмата "Вело училишта" се базира на пристапот за промена на однесувањето, кој се применува во проектите за Европска одржливост на мобилноста преку препознавање на училиштата кои успешно имплементираат активности поврзани со темата велосипедизам.

Програмата воведува пристап кој ја стимулира конкуренцијата помеѓу училиштата кои учествуваат, како и размена на искуства. Потребните прашања за безбедноста на патиштата кои што ја попречуваат почестата употреба на велосипеди низ училиштата кои учествуваат, ќе бидат опфатени преку активно ангажирање на локалните власти во текот на траењето на проектот.

## Цел

Програмата има за цел да развие мрежа на акредитирани основни училишта низ цела Македонија, кои ќе работат самостојно и како заедница посветени на следење и проценка на активностите, како и споделување на нивните искуства меѓу врсниците.

## Очекувани резултати

Зголемена свест на учениците, родителите, наставниците и пошироката јавност од училиштата кои се членки на Вело мрежата од повеќе општини ширум државата, за придобивките од користењето на велосипедите како алтернатива за секојдневните транспортни средства, но исто така и знаење за потребите во поглед на патната инфраструктура и безбедноста.

## Каде не има / Активни вело членки

Кога се развиваше самата идеја за Вело Училишта, многу време пред официјалната импелементација, беше да се опфатат мал број на основни училишта на територијата на Република Северна Македонија. Официјалниот почеток Вело Училишта го имаше во Септември 2018 со 10 основни училишта од 5 општини ширум државата. По само неколку месеци од имплементацијата на вело активностите, развивме т.н. Вело мрежа која броеше над 40тина основни училишта, кои активно ги спроведуваа активностите за унапредување на темата велосипедизам помеѓу своите ученици, наставници, родители и пошироката јавност. Крајот на 2019 година го одбележавме со 100 активни членки, додека учебната 2019/2020 година ја заокруживме со 116 основни училишта од 24 општини во државата. Горди сме на текот и развојот на Вело мрежата, која секојдневно го буди интересот за велосипедизмот кај многу основни училишта. Училишта кои имаат желба да придонесат во зголемување на свеста помеѓу своите ученици, наставници, родители, како и пошироката јавност за користење на велосипедот како превозно и рекреативно средство, а преку тоа индиректно да влијаат во зачувување на својата непосредна околина и животна средина. Сведоци сме на се помасовно користење на велосипедот на локално и регионално ниво,  а тоа е показател дека Вело Училишта е на вистинскиот пат во реализација на својата цел и спроведување на голем број на вело активности кои се едукативни, креативни и забавни.



## Како се започна? Од идеја до реализација

### Вело Маало - прва едукативна игра на темата велосипедизам



Идејата да ја приближиме темата за велосипедизмот до поголемиот број на ученици и деца, а со тоа и до наставниците и родителите, резултираше со креирање на едукативна игра Вело Маало, која претставува прва едукативна игра од ваков тип. Вело Маало беше тестирана и интегрирана во 10 основни училишта ширум државата (дел од нив се и активни членки на сегашната Вело Мрежа).

`Повеќе информации може да се најдат на следниот линк.

### Организација на Вело Родео настани



Вело Родео во Кочани - галерија / галерија 2
Вело Родео во Богомила - галерија
Работилници со ученици и наставници во ООУ „Ј.Х.Песталоци“ - галерија

## Стартуваме со Вело Училишта!

### Активности во рамки на Вело Мрежата (2018/2019)

**Организација на велосипедска трка за деца, (07.10.2018-Гази Баба, Скопје)**

Оваа трка беше дел од затворање на планинарска велосипедска трка, реализирана во парк шумата Гази Баба и официјално го означи почетокот на Вело Училишта.

Број на учесници:
Повеќе од 40 деца распоредени во неколку трки (push bike and 12 inch - no pedal bikes, 16, 20, 24 I 26 inch bikes).





**Организација на Вело Родео (19.04.2019-с.Блатец, Виница)**

По повод одбележување на патрониот празник на ООУ„Кочо Рацин“ беше реализиран Вело родео настан во селото Блатец, Општина Виница.

Број на учесници: над 50







**Организација на Вело Родео во с.Богомила, Општина Чашка (22 април, денот на планетата Земја)**

Целта на одбележувањето на „Денот на планетата Земја“ е да се подигне нивото на свесност кај нејзините жители за зачувување на животната средина, односно да укаже на загадувањето на воздухот и водата, радиоактивното зрачење, исцрпувањето на ненадоместливите енергенси и слично.

По тој повод, беше организиран настан на кој беа реализирани следниве активности:

- Чистење на околината: организирање на акција за собирање на отпад во селото
- Пинг понг
- Мал фудбал
- Друштвени и едукативни игри за најмладите (Вело Маало и Еко Маало)
- Видео проекции (презентирање на документарниот филм ВОДОМИЛА, кој ја раскажува приказната со загадената вода за пиење во Богомила

Број на учесници: над 40





**Организација на Вело Родео турнеја низ 6 града во земјата**

Во рамките на програмата Вело Училишта во текот на месец Мај 2019, а по повод Денот на Европа 9 Мај, беше организирана и оддржана првата Вело Родео турнеја во 6 града ширум државата, меѓу кои Куманово, Св.Николе, Виница, Струга, Радовиш и Гевгелија. Вело Родео турнејата беше поддржана од страна на Делегација на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Вело Родео настаните се од отворен карактер и право на учество имаат сите ученици од основните училишта од 4то до 9то одделение кои имаат желба да возат велосипед, како и активно и едукативно да се забавуваат преку нашите едукативни игри: Еко Не лути се човече (во реална големина), сложувалки, Вело Меморија, Еко квиз и многу други.

Вело Родео настанот се основа на тоа преку игра, забава и едукација учениците да ја пренесат пораката за придобивките од возење велосипед како баланс, безбедност, сигнализација, контрола, тргнување, забрзување и запирање. Учениците имаат можност да ги покажат своите вештини преку: полигонско возење со препреки, возење во круг, како и возење по даски и препреки.

| Датум | Град | Број на учесници | Линк |
|---|---|---|---|
| 20.05.2019 | Куманово | Над 60 учесници | Повеќе инфо |
| 21.05.2019 | Свети Николе | Над 80 учесници | Повеќе инфо |
| 22.05.2019 | Виница | Над 100 учесници | Повеќе инфо |
| 27.05.2019 | Струга | Над 40 учесници | Повеќе инфо |
| 30.05.2019 | Радовиш | Над 100 учесници | Повеќе инфо |
| 31.05.2019 | Гевгелија | Над 50 учесници | Повеќе инфо |











## Состаноци со вработените во вклучените училишта, општини и клучни засегнати страни

Големиот интерес што доаѓаше секојдневно од страна на учениците, училиштата, наставниците, директорите и многу други за приклучување кон Вело мрежата наложуваше и реализирање на повеќекратни средби со вработените во вклучените училишта. На реализираните средби, присутните изразуваа голем интерес за приклучување во имплементација на проектот и завземање на активно учество во реализирање на одредени активности. Меѓутоа, како продолжување на сето тоа, беа и реализирани конструктивни средби со претставници од општините вклучени во Вело мрежата, претставници на Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието како и Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот, како клучни засегнати страни од кои произлегуваа продуктивни решенија, совети и насоки во заедничката реализација на сите активности од проектот. По одржаните средби со горенаведените страни, како и само после неколку месеци од имплементацијата на дел од активностите, Вело Училишта доби позитивни препораки од МОН и БРО во насока на долгорочна имплементација на самата програма.

## Препораки од МОН и БРО

Реализираните состаноци со претставници од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието, беа одбележани со многу конструктивни насоки и идеи, при што беше дадена следната оцена:

„Активностите на проектот - Вело Училишта, ќе придонесат во унапредување на наставата во темата – Сообраќај, како и промовирање на велосипедизмот како средство за рекреација, спорт и практикување на здрави навики и здрав живот и истоимениот може да се реализира во училишта во основно образование“.

Добиените позитивните препораки се од особено значење за целокупното имплементирање на програмата Вело Училишта, како и реализирање на сите подготвени активности во основните училишта. Истите придонесуваат во реализирањето на главната цел на проектот која е: зголемување на свеста на учениците, наставниците, родителите и пошироката јавност за секојдневното користење на велосипедот како алтернативно превозно средство во државата.

## Работилници во основните училишта (опис)

Во над 116 основни училишта, повеќе од 140 работилници беа реализирани на тема: еволуција на велосипедот-основни информации, возење велосипед, учење за велосипедските делови, рачни сигнали, како и значење на користење на велосипедот како алтернативно средство за транспорт. Одржаните работилници вклучуваа повеќе од 10 000 ученици од основните училишта, како и над 100 наставници и над 500 родители кои безрезервно се вклучуваа во сите вело активности.









## Спроведени вело активности во дел од училиштата кои се активни членки на Вело мрежата

| | |
|---|---|
| ООУ „Крсте Петков Мисирков“ - Радовиш | ООУ„Климент Охридски“-с.Облешево/Чешиново-Облешево |
| ООУ„Петар Поп Арсов“-Скопје | ООУ„Кочо Рацин“-с.Блатец/Виница |
| ООУ„Петре Поп Арсов“-с.Богомила / Чашка | ООУ„Св.Климент Охридски“-Битола |
| ООУ„Симче Настовски“-с.Вратница/Јегуновце | ООУ„Кочо Рацин“-Куманово |
| ООУ„Коста Рацин“-с.Подареш/Радовиш | ООУ„Методи Митевски-Брицо“-Лозово |
| ООУ„Ј.Х.Песталоци“-Скопје | ООУ„Св.Климент Охридски“-Драчево/Кисела Вода |
| ООУ„Страшо Пинџур“-с.Соколарци/Чешиново-Облешево | |

## Подготовка, дизајн и тестирање на картички вело меморија




## Дистрибуција на промотивни материјали (постери, стикери итн.)

Различни дизајни на стикери и постери поврзани со темата велосипед, кои беа дистрибуирани до училиштата, поставени на видливо место и беа од особена корист за промовирање, мотивирање и употреба на велосипед како алтернативно средство за одржлив транспорт.







## Одбележување на Европска недела на мобилност

Почнувајќи од 2002 година преку Европската недела на мобилност се врти вниманието на јавноста во обидот на подобрување на јавното здравје и квалитетот на животот преку промовирање на одржлив урбан транспорт. Кампањата нуди можност на сите засегнати страни да се вклучат со практични решенија за справување со урбаните предизвици.

**2018 година - Мото: „Комбинирај и движи се“**

Европската недела на мобилност во 2018 година, беше одбележена во следните градови:

**19.09.2018, Виница**

Број на присутни - над 50 учесници









**21.09.2018, Кочани**

Број на присутни - над 150 учесници









**16-22.09.2018, Скопје**

Број на присутни
над 50 учесници














**26-22.09.2018, Богомила**

Број на присутни
над 30 учесници












**16-22.09.2018, Радовиш**

Број на присутни
над 50 учесници

**2019 година - Мото: „Пешачи со нас“**

Европската недела на мобилност во 2019 година беше одбележана во следните градови:

**16.09.2019, Кочани**

Место на одржување: ООУ „Малина Поп Иванова“
Број на присутни - околу 150 учесници

Повеќе информации за Вело Родео настанот во Кочани по повод одбележување на Европската недела на мобилност можете да погледнете на следните линкови:

линк 1 / линк 2 / линк 3




**17.09.2019, Делчево**

Место на одржување: ООУ „Св.Климент Охридски“
Број на присутни - околу 100 учесници

Повеќе информации за Вело Родео настанот одржан во Делчево по повод одбележување на Европската недела на мобилност можете да погледнете на следните линкови:

линк 1 / линк 2





**18.09.2019, Неготино**

Место на одржување: ООУ „Гоце Делчев“
Број на присутни - околу 100 учесници

Повеќе информации за Вело Родео настанот одржан во Неготино по повод одбележување на Европската недела на мобилност можете да погледнете на следните линкови:

линк 1 / линк 2





**16.09.2019, Велес**

Место на одржување: Младински парк
Број на присутни - околу 150 учесници

Повеќе информации за Вело Родео настанот одржан во Велес по повод одбележување на Европската недела на мобилност можете да погледнете на следните линкови:

линк 1 / линк 2





**21.09.2019, Скопје**

Место на одржување: Градски парк - Централен настан
Број на присутни - околу 150 учесници

Повеќе информации за централниот на стан на Вело Родео одржан во Скопје во Градскиот парк, по повод одбележување на Европската недела на мобилност можете да погледнете на следниот линк.







## Еко Логик преку Вело Училишта придонесува во подобрување на велосипедската инфраструктура

Во сите училишта каде што беше реализирана Вело Родео турнејата, од страна на Здружението на Граѓани - Еко Логик, беше доделуван паркинг за велосипед.

Велосипедските паркинзи се изработени од употребен отпаден материјал -стари буриња и претставуваат само дел од придонесот на Еко Логик и Вело Училишта во подобрување на велосипедската инфраструктура низа цела држава.



Пред отпочнување на неделата, на сите основни училишта кои се членки на Вело Мрежата им беа испратени материјали - промотивни (постери, стикери за велосипед, флаери) и вежби поврзани на тема – велосипедизам (циклолаж, вело меморија, видови велосипеди, употреба на рачни сигнали и др.), кои беа реализирани на училишните часови. Имаше огромен интерес, како од страна на наставници, така и од самите ученици, кои постојано проследуваа информации до нас за начинот на одбележување, нивно вклучување во Европската недела на мобилност и истите беа споделувани на социјалните медиуми.

## Реализирани креативни активности

**Ликовен и литературен конкурс: Септември, 2019 година**

Право на учество имаа учениците од прво од деветто оделение кои твореа на следните теми:

- „Велосипедот од моите соништа" - „Безбедноста во сообраќајот во мојата околина" - „Здрава животна средина е задача на сите. Како да ја зачуваме". Литературни и ликовни творби кои пристигнаа до нас се околу 1000, што покажува дека учениците имаат волја да творат, но и да даваат придонес за важни прашања и проблеми со кои се соочуваме во Република Северна Македонија.




Повеќе информации за литературниот и ликовен конкурс, како и наградените ученици можете да ги погледнете на следните линкови: линк / линк 2

## Креативни предизвици

Новонастанатата ситуација (Ковид 19) на која целиот свет многу брзо требаше да се прилагоди, во однос на целосното функционирање како и во однос на образованието и учењето на далечина, Еко Логик како организација во рамки на проектот Вело Училишта подготви неколку креативни предизвици, кои наидоа на огромен интерес и желба за учество од страна на учениците во основните училишта во државата, наставниците и родителите.

## Креативни предизвици

Новонастанатата ситуација (Ковид 19) на која целиот свет многу брзо требаше да се прилагоди, во однос на целосното функционирање како и во однос на образованието и учењето на далечина, Еко Логик како организација во рамки на проектот Вело Училишта подготви неколку креативни предизвици, кои наидоа на огромен интерес и желба за учество од страна на учениците во основните училишта во државата, наставниците и родителите.

### Предизвик за изработка на џебна сликовница

Повеќе информации за пристигнатите изработки можете да најдете на следните линкови: линк 1 / линк 2 / линк 3




### Предизвик за изработка на x / o

Повеќе информации за пристигнатите изработки можете да најдете на следниот линк



## Спроведени Евалуации

Во рамки на редовните активности кои се спроведуваат во сите основни училишта кои се членки на Вело мрежата, беше и спроведувањето на две евалуации во период од две години. Членките беа поканети да одоговорат на подготвен прашалник кој ги опфаќаа темите за имплементирање на вело активностите, интересот на учениците и наставниците за темата велосипедизам, проценка на инфраструктурата во и околу училиштата, како и безбедноста на сообраќајот во близина на училиштата.

### Прва Евалуација

Првата евалуација беше спроведена во учебната 2018/2019 година, во која учествуваа десетина основни училишта од 5 општини во Република Северна Македонија. Истата ја обработуваше следната тема:

1. Проценка на капацитетот на училиштата во спроведување на вело активности

Резултатите добиени по спроведувањето на првата евалуација беа навистина позитивни во насока на покажаниот голем интерес за спроведување на велосипедски активности, од страна на самите ученици, наставници и родители.

### Втора Евалуација

Во учебната 2019/2020 година како дел од редовните активности на Вело Училишта, беше спроведена и Втора Евалуација помеѓу училиштата членки на Вело Мрежата. Евалуацијата ги опфаќаше следните теми:

1. Проценка на капацитет на училиштата во спроведување на велосипедски активности
2. Проценка на инфраструктурата во и околу училиштата, како и проценка на безбедноста на сообраќајот во близина на училиштата

Податоците што се анализираа се од вкупно 69 одговорени прашалници, добиени од 52 училишта кои се наоѓаат во 23 општини во Македонија. Вкупно 90 наставници биле вклучени во одоговарање на прашалникот.




Инфографикон за резултатите добиени од првиот круг на спроведување на втората евалуација




Инфографикон за резултатите добиени од вториот круг на спроведување на втората евалуација

Поттикнати од интересот што го предизвика спроведувањето на евалуацијата кај училиштата, Еко Логик ги покани и самите општини под чија надлежност се основните училишта, да одговорат на соодветно подготвен прашалник кој ја обработуваше следната тема:

1. Проценка на инфраструктурата во, и околу училиштата, како и проценка на безбедноста на сообраќајот во близина на училиштата.

Во оваа анализа на спроведената Втора Евалуација до општините, се анализираа податоци добиени од 16 општини, со вкупно 17 одговорени прашалници.




Инфографикон за резултатите добиени 16 општини во државата

## Кампања за зголемување на свеста (offline и online)

- Активирање на социјални медиуми - фб, инстаграм, youtube
- Мотивациони пораки (велосипед, здрава храна, дестинација), истите беа дистрибуирани во училиштата, членки на Вело мрежата.
- Инспиративни видеа
- Одбележување на значајни датуми за темата велосипедизам









## Што може да очекувате од Вело Училишта во наредниот период?

- Воведување на систем за акредитација на членките (основни и придружни)
- Обука за наставници / вебинари
- Работилници со учениците и наставниците
- Голем број на едукативни игри, поврзани со темата велосипедизам и безбедност во сообраќајот
- Активности кои може да се имплементираат и во редовната настава, но и како вонаставни активности
- Вело Родео турнеја
- Вело камп...

...за останатото СЛЕДЕТЕ НЕ...



## Инфографикони




### Активности во рамки на Вело мрежата 2018/2019




### ВЕЛО РОДЕО Турнеја

6 градови

430+ учесници

### Работилници




### Европска Недела на Мобилност



eco LOGIC

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17
Тел: 389 02 5112716 / 389 78 365 902
veloschools.ecologic@gmail.com
ecologic.mk@gmail.com
www.ecologic.mk

ВЕЛО училишта

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Embassy of Switzerland in North Macedonia